Што се однесува до правото на секој човек на национална самоидентификација, тоа е зацврстено во уставите на многу држави (на пример во чл. 26 на Уставот на Русија)[7] и претпоставува возможност самостојно и без никаква принуда да ја одредуваат својата национална припадност, да ги користат достигнувањата на својата национална култура, јазикот, кој секој човек смета за роден, да го изучуваат својот јазик и својата национална култура во училиште и др. Нарушувањето на ова право влече со себе нарушување на другите темелни права на човекот – не само политичките (правото на здружување и на мирни собири, учество во управувањето со државата), но и лични или граѓански (правото на достоинство на личноста, на слободата на мислата и говорот и др.), социјално-економски и културни права (права на изучувањето на јазикот на националното малцинство во образовните институции, на користење достигнувањата на националната култура и др.).[8]

Едни од најфлагрантните примери на нарушување на правото на национално самоопределување во Европа претставува дискриминацијата на Македонците, кои живеат во Р Бугарија.

Некогаш признавано во Бугарија (во периодот 1944 – 1963 г.) и со гарантирани минимални права, во последните 53 години постоењето на македонското малцинство се негира од државата, а луѓето што изразуваат македонска самосвест се прогонувани, маргинализирани и оцрнувани како национални предавници и државни непријатели. Во времето на комунизмот стотици од македонските активисти биле егзекутирани, испраќани во логори, во затвори или заточеништва.[9] Но и после падот на комунизмот Македонците

[6]Види: Заметина Т.В. Государственная национальная политика Российской Федерации: правовое регулирование, проблемы и перспективы// См.: Заметина Т.В. Государственная национальная политика Российской Федерации: правовое регулирование, проблемы, перспективы, во Општествените промени во глобалниот свет: зборник на трудови, Втора меѓународна научна конференција, Штип, 2015, 56-66.

[7]Конституция Российской Федерации ( Герб, гимн, флаг), Москва, 2015.

[8]Види чл. 17, 19, 21, 22 на Меѓународниот пак за граѓански и политички права, чл. 13, 15 на Меѓународниот пакт за економските, социјални и културни права, http://www.un.org/ru/documents/decl_conv/conventions/pactecon.shtml

[9]Стойко Стойков, Табу – време на страх и страдания. Преследването на македонците в България по времето на комунизма (1944 – 1989), Благоевград, 2014.

се дискриминирани на многу начини. Властите се однесуваат како македонско малцинство да не постои и одбиваат секаков дијалог во врска со тоа. Посебна графа „Македонец“ на пописите не се дозволува, а бројката на Македонците се намалува вештачки во резултатите.[10] Наспроти тоа илјадници бугарски државјани се самоопределуваат како Македонци на секој попис, но властите одбиваат да го прифатат тоа како релевантен факт и на практика го негираат нивното право на самоопределување. Македонското самоопределување се третира како родоотстапништво и е причина Македонците да бидат чест објект на неказнет говор на омраза, определувани како родоотстапници, странски агенти, предавници и државни непријатели. Судовите и соодветните државни институции одбиваат да ги одбранат Македонците кога се обидуваат да најдат заштита против таквиот третман и досега нема ниту еден случај на санкционирање, а ниту пак позитивен одговор на некоја од големиот број такви жалби. Во периодот 1990 – 2006 г. мирните собири на Македонците биле забранувани и растурани насилно. Македонските организации до денес не можат да добијат регистрации без разлика на осум пресуди на ЕСПЧ против Бугарија во врска со тоа. Само во последните 10 години бугарските судови одбиле 12 обиди за регистрација на македонски партии и организации, четири од кои во последните две години.[11]

[10]На тој начин нивната бројка е административно смалена од 187 000 во 1956 (Красимир Кънев, Законодателство и политика към етническите и религиозните малцинства в България", в: А. Кръстева, (ред.), Общности и идентичности в България, София, Петекстон, 1998 г., с. 97), до 1603 во 2011. Резултатите од последниот попис во кој 10 % од луѓето во Бугарија останале без посочена етничка припадност се отфрлени од самиот Национален статистички институт на Бугарија (види http://www.omoilindenpirin.org/news/2015/november_a_b.asp, за жал овој документ на самата страница на НСИ повеќе не постои).

[11]Меѓу 2006 – 2008 г. Судовите одбиваат три обиди за регистрација на ОМО „Илинден“-ПИРИН. Во 2007 е одбиена ОМО „Илинден“. Во 2009 – Македонско културно просветно друштво „Никола Вапцаров“ (Verdict № 407 of 07.05.2009 by SAS, President Ivan Ivanov). Во 2010 е одбиен сојузот на репресираните македонци (Blagoevgrad County Court, case № 12/2010). Во 2011 г. Е одбиен нов обид за регистрација на ОМО „Илинден“ без разлика на пресудата во Страсбург. Во 2013 - Сојузот македонски клуб за етничка толерантност (Verdict № 715 of 11.04. 2013, SAS, President Svetlana Bozhkova). Во 2014 г. Поново е одбиена ОМО „Илинден“ (Решение №2768 од 30.06.2014 г. на Надја Узунова, Окружен суд – Благоевград). Истата година – Друштвото на репресираните македонци во Бугарија (Решение № 4022 од 26.09.2014 г. на судија Надја Узунова, Окружен суд – Благоевград). Истата година - Правозаштитен Комитет толерантност (Решение №4440 от 22.10.2014 на

Луѓе кои јавно изразуваат својата етничка самосвест во државните институции ризикуваат да изгубат работа. . Македонски јазик, култура и историја не се изучуваат во бугарските училишта, напротив бугарска историја се изучува на начин кој исклучува секоја можност за постоење на македонска нација. Исклучувајќи некои ретки примери, како оној со Бугарскиот хелсиншки комитет, дискриминацијата против македонското малцинство се игнорира на сите општествени и државни нивоа – и покрај своето еднодецениско постоење Комисијата против дискриминација ниту еднаш не ги вклучила проблемите на Македонците во своите годишни извештаи, а ниту одговорила позитивно на некоја од жалбите поднесувани до неа од македонски организации и поедини Македонци.

Наведените факти сведочат дека отсуствуваат најоелементарните гаранции за правата на македонското малцинство во Бугарија.

***Гаранциите за правата и слободите на граѓанинот*** – тоа се условите, средствата и начините за нивно осигурување. Дадената дефиниција на гаранциите, која го зема во предвид семантичкото значење на зборот – garantie (фр.) гаранција, услов, кој осигурува нешто,[12] - може да се нарече класична.

Но, според нас, следува *да се прави разлика меѓу уставно-правниот институт на гаранција на правата и слободите, од самото гарантирање на правата на слободите.*

Во првиот случај станува збор за систем од норми на Уставот и законите, кои ги одредуваат условите, средствата и методите за нивното обезбедување (т.е. гарантирање) во една или друга земја. Сите спомнати правни категории одредуваат темелните политички, економски, економски, социјални, идеолошки, правни односи, кои се јавуваат во улога на услови и претпоставки за реализацијата на основните права и слободи на човекот и граѓанинот.

---

Окръжен съд - гр. Благоевград на судија Лилија Масева по фирмено дело № 20131200800074 по описа от 2013 г.). Софиски апелативен суд потврдува одбивањето да се регистрриаат псоелдните три организации во 2015 (Решение № 2272 от18.11.2015 г., № 1803 од 08 11. 2015). Во почетокот на 2016 се одбиени „Македонски клуб за етническа толерантност и запазване на македонския фолклор, традиции и обичаи" и „Македон Сурингград – сдружение за запазване и изучаване на културно - историческото наследство".

[12]Види: Словарь иностранных слов. - 15-изд., испр., Москва, 1988, 111.

*Гарантирањето на Уставните (основни) права и слободи на човекот и граѓанинот* – тоа не се правни норми, како некакви модели на однесување, а *реални општествени* односи (политички, идеолошки, економски, социјални и др.), кои ја обезбедуваат реализацијата на правата и слободите, најважните од кои се регулирани со помош на правото.[13] Т.е. се имат во предвид „позитивните дејствувачки услови и средства", кои ја обезбедуваат фактичката реализација на правата и слободите, нивното „надежно обезбедување и заштита за сите и за секого".[14] Во таков вид, станува збор, за реални односи, кои преовладуваат во општеството, кои навистина *ги создаваат неопходните услови, средства, методи за обезбедување правата и слободите* во правните врски меѓу државата, нејзините органи и претставници – од една страна и конкретниот човек – од друга.

*Како главен субјект во гарантирањето на правата и слободите треба да настапува државата*, нејзините органи и претставници.[15] Така имено државата во прв ред, ја формира својата национална политика, основана на одредена државна идологија во сферата на националните односи. Таа политика влијае сериозно врз законодавната дејност и примената на законите од страна на државата - самиот процес на реализација на правата и обврските на индивидуите, по правило зависи од дејноста на конкретни државни органи и чиновници, ополномоштени да извршуваат дејствија со правно значење, да донесуваат неопходните акти за примена на правото.

Во врска со тоа *механизмот за гарантирање правата на граѓаните на национално самоопределување* може да биде определен како систем на меѓусебно поврзани и заемни меѓусебно зависни насоки во дејноста на државата за создавање на неопходни услови за најполна реализација на правото на национална самоидентификација и сите системи на правата на граѓаните кои се самоидентификуваат со конкретен етнос. Неопходно е да се потцрта, дека механизмот на гарантирање претставува сам по себе единствен систем, каде секој од сегментите игра одредена улога и не може да биде отстранет без оштетување на за процесот на гарантирање во целина. Со други

[13]См.: подробно: Бутусова Н.В. Конституционно-правовой статус российского государства: монография / Н.В.Бутусова.- М.: изд-во МГУ; Воронеж: Изд-во ВГУ,2006. С. 282-296.

[14]Витрук Н.В. Общая теории правового положения личности. Москва,2008, 303.

[15]Макар што може да се зборува и за недржавно гарантирање на правата и слободите (кога како субјект гарант настапуваат општествените организации или конкретни луѓе, благодарение на својата активна дејност за постигнување на правата и слободите).

зборови, игнорирањето на било кој елемент во механизмот за гарантирање може да го усложни или наруши процесот на гарантирање во целина.

Говорејќи за „елементите на механизмот за гарантирање“ ние пред се имаме во предвид различни видови на гаранции: политички, социјално економски, иделошки, правни, на содржината на кои ќе се осврнеме поподробно во врска со разгледуваниот проблем со гарантирањето на правата на национално самоопределување на македонското национално малцинство во Бугарија.

Содржината на нормите на Уставниот институт за гарантирање на основните права и слободи *во идеална ситуација треба да претставува сам по себе одреден еталон,* тргнувајќи од којшто и споредувајќи го со реалниот живот може да се суди *за степенот на гарантираност* на правата и слободите на човекот и граѓанинот во конкретната земја. За жал, одвај ли може да се направи таков извод, обидувајќи се да ги „пронајдете“ уставните гаранции на правото на национална самоидентификација на граѓаните во Република Бугарија.

Во бугарскиот Устав поимот „малцинство“ (национално или друго) не постои,[16] макар да го имало во Уставот кој била во сила во периодот 1947 - 1971 г. Сепак чл. 36 (2) предвидува дека „Граѓаните, за кои бугарскиот јазик не е мајчин, имаат право заедно со задолжителното изучување на бугарскиот јазик да го изучуваат и користат својот јазик.“ За жал овој член не е доволно јасен каква е државната обврска во врска со тоа и кој треба да ја обезбеди реализацијата на тоа право (државата или самите малцинства, организирано или индивидуално). Чл. 11 (4) забранува создавање на партии на етничка основа, а чл. 12 (2) забранува на граѓанските организации да си поставуваат политички цели. Комбинираното дејствие на овие два члена е силно рестриктивно и овозможува дискриминација и изолирање од политичкиот живот на одделни малцинства, чие постоење, се смета за непожелно и неприфатливо (како македонското и помашкото (муслиманското).[17] Друг

[16]Види и Report by Thomas Hammarberg, Commissioner for Human Rights of the Council of Europe, following his visit to Bulgaria from 3 to 5 November 2009, http://www.omoilindenpirin.org/news/2010/february27_e.asp.

[17]Карактерно е дека се проблематизира етничката основа само ако партиите се на малцинствата, но не е проблем ако се на бугарска етничка основа. Тврдењето дека малцинските организации си поставуваат политички цели е чест аргумент судот да одбива да ги регистрира. Оваа практика е негативно коментирана во Извештај, примен од Комитетот на министрите на 23 јануари 2014 г., во кој во врска со регистрациите на македонски организации во

член злоупотребуван против правата на малцинствата е чл. 44. (2) кој забранува организации чија дејност е насочена против „единството на нацијата", поим кој останува неизјаснет во бугарскиот Устав и служи како чест аргумент дека во Бугарија нема малцинства. Самото тврдење дека постојат малцинства (конкретно – македонско) се толкува во повеќе судски одлуки како насочено против единството на нацијата.[18] Чл. 6. (2) декларира дека „Не се дозволуваат никакви ограничувања на правата или привилегии, основани на раса, народност, етничка припадност, пол, потекло религија ...." и секако дава законска основа за заштита од дискриминација, но дури и тој е искористуван понекогаш за да се одбива регистрирањето на македонски организации, со изговор дека тие наводно грижејќи се за правата на Македонците истите ги привилегираат.[19]

Како што беше забележано, гаранциите дејствуваат во систем, затоа тие се дополнуваат едно друго. Така во Русија отсуството на законодавна категорија „национални малцинства" не се јавува пречка за реализацијата на правата на етничките и национални малцинства, затоа што таму националната политика е принципиелно различна – упатена на максимална и целосна

Бугарија директно се кажува: „recalls inter alia that the prohibition on associations from pursuing political goals should be interpreted narrowly and that the expression of a given ethnic consciousness does not in itself justify the conclusion that the aims of the association in question are directed against the unity of the nation and the territorial integrity of the State."https://wcd.coe.int/com.instranet.InstraServlet?command=com.instranet.CmdBlobGet&InstranetImage=2610586&SecMode=1&DocId=2188990&Usage=2, p. 6. Спореди Решение № 2768 от 30.06.2014 г. на Надја Узунова Окружен суд Благоевград.

[18]Види на пример: Verdict № 407 of 07.05.2009 by SAS, President Ivan Ivanov, regarding the registration of the Macedonian Cultural and Educational Association "Nikola Vapcarov.", Blagoevgrad County Court, case № 12/2010, rejects the registration demand of the Association of Repressed Macedonians; Verdict № 715 of 11.04. 2013, SAS, President Svetlana Bozhkova, against Association Macedonian Club for Ethnic Tolerance; Решение № 2768 од 30.06.2014 г. на Надја Узунова, Окружен суд - Благоевград, по барањето за регистрација на ОМО „Илинден"; Решение № 4022 од 26.09.2014 г. на судија Надја Узунова, Окружен суд – Благоевград за Друштвото на репресираните македонци во Бугарија. Види и http://www.omoilindenpirin.org/news/2013/judicialverdicts.pdf.

[19]И друг дел од овој член – забраната на организации кои повикуваат кон нарушување правата на граѓаните, понекогаш се користи против регистрацијата на македонски организации, при што регистрацијата се толкува како закана за правата на мнозинството граѓани (види Решение № 2272 от18.11.2015 г. на Софиски апелативен суд по делото за регистрација на ОМО „Илинден".

реализација на правата на граѓаните од сите националности.[20] Во Бугарија меѓутоа отсуството на поимот малцинство отвара можност за официјално негирање на постоењето на малцинства генерално.[21] Така ние гледаме дека една и иста ситуација води до сосема спротивен ефект во Русија и во Бугарија. Слична ситуација се набљудува и во однос на отсуството на дефиниција за „национално малцинство“ што во земји со силно демократско чувство како скандинавските на пример служи како можност за проширување на дејството на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и врз групи кои обично не би биле дефинирани како национални малцинства. Спротивно на тоа во Бугарија отсуството на таква дефиниција е редовен аргумент за неприменување на самата Конвенција или за ограничување на нејзиното дејство до мал број „прифатливи“ етнички групи.[22] Во општества во кои владее толерантен дух спрема малцинствата озаконувањето и дефинирањето на поимот „(национално) малцинство“ според тоа е ирелевантно, но во случаи кога општеството пројавува висока степен на ксенофобија и нетолерантност јасното недвосмислено дефинирање и вклучување на поимот во императивните одредби на Уставот се јавуваат неопходен услов за гарантирање правата на малцинствата.

Со цел сестрано разбирање на ситуацијата во областа на гарантирање правото на национална самоидентификација на Македонците во Бугарија, ќе се обидеме да изјасниме постојат ли политички, социјално-економски, идеолошки гаранции на тоа право.

---

[20]Види.:Бутусова Н.В., ЗаметинаТ.В., Стойко Стойков Государственная национальная политика как гарантия национального самоопределения (на примере России и Болгарии)// Современное общество и право.2016, №2, 91-99.

[21]Како што постапува на пример во мај 2010 г. министерот за надворешни работи Никола Младенов кога изјавува: “There is no Macedonian minority in Bulgaria. There are no minorities in our country – there are certain ethnic groups only, and we respect their human and civil rights”, Report on the situation of the Macedonian minority in Bulgaria, by OMO Ïlinden”-PIRIN, 2013, http://www.omoilindenpirin.org/news/2013/report.pdf. Карактерно е што министерот не тврди дека им се почитуваат малцинските права на таквите „етнички групи“, туку само човечките и граѓанските.

[22]Решение № 2 од 18 февруари 1998 г. по уставното дело № 15 од 1997 г., (ДВ, бр. 22 од 24.02.1998 г.), Извештај на независниот експерт по правата на малцинствата, Геј Мекдугал, Мисија во Бугарија (4 до 11 јули 2011 г.), ООН Генерална асамблеја, 3.01. 2012 г.

*И така социјално-економските гаранции* – тоа е дејноста на државата, насочена кон финансирање на социјално економскиот развој на националните малцинства, на развој на нивната култура, образование и т.н.

Р Бугарија не издвојува никакви средства за развојот и културата на македонското малцинство, всушност издвојува многу за неговата асимилација и држење надвор од политичкиот живот.[23] Дури се финансира цел институт (Македонски научен институт) раководен од поранешни соработници на службите за безбедност, чија единствена цел е да докажува дека се македонско е бугарско и дека македонска нација, малцинство, јазик, историја, култура – не постојат.

Во Р Бугарија правото на изучување на историјата и културата денес е оставена во рацете на индивидуите во самите малцинства – државата нема предвидено такви предмети во образовниот систем. Дадено е право на изучување на мајчин јазик но тоа реално е ограничено до само неколку малцинства (главно турско и ромско) и тоа е во вид на два часа факултативно (изборно) изучување. Но до сегашниот момент - 25 години по Уставното гарантирање на тоа право, проблемите со учебниците и неопходните учители сѐуште не се решени. Македонците воопшто не се предвидени меѓу малцинствата кои можат да го изучуваат својот јазик - во донесените од бугарското министерство на образование планови и стратегии за развојот на образованието на децата од малцинствата до 2020 г. македонското не е спомнато воопшто,[24] а Р Бугарија продолжува да го негира самото постоење на македонскиот јазик. Во 2000 г. по први канал на националната телевизија се пуштени 10 минути вести на турски јазик, но во 2014 под силен политички притисок истите се префрлени по вториот канал кој се гледа многу слабо. Во целиот период се врши силен притисок истите да бидат отстранети од националните канали и да бидат оставени само на регионално ниво. Но другите малцинства го немаат ни тоа.

***Политички гаранции*** - тоа се дејствијата на државата, кои помагаат за вовлекување на граѓаните (од било која националност) во управувањето со државата, а насочени кон раширување на гаранциите за политичките права.

[23] Р Бугарија очигледно претпочита да ги плаќа казните наложени од ЕСПЧ, отколку да регистрира македонски организации.

[24] Види http://www.mon.bg/?go=page&pageId=74&subpageId=143 Меѓу малцинствата со специфични проблеми се споменуваат Турци, Роми, Евреи и Ерменци, но не и Македонци, макар нивните проблеми да сосема специфични.

Не постојат никакви механизми во Р Бугарија преку кои да се гарантира учество на претставници на малцинствата во власта. Конкретно во случајот со македонското малцинство државната политика е насочена кон тоа претставници на истото да не можат да учествуваат во општествениот и политичкиот живот на земјата. И покрај редовните препораки правени во последната деценија од клучните меѓународни институции за заштита правата на малцинствата кон Р Бугарија да започне дијалог со претставниците на македонското (а и помашкото) малцинство,[25] Р Бугарија не само не започнала таков, туку и категорично ги отфрла обидите на различни македонски организации да започнат дијалог. Недопуштањето Македонците да си регистрираат свои организации и партии[26] прави невозможно за нив сами да ги одбранат своите права, а нетрпеливоста создадена во општеството против нив (изразено и во тоа што ниту една регистрирана партија не се застапува за нивните интереси) ги прави беспомошни жртви на официјалната политика.

***Идеолошки гаранции*** – државната политика во областа на националните односи се надградува на основа соодветната државна идеологија. Државната идеологија во областа на националните односи може да биде определена како систем на мислења и идеи, кои ја одредуваат стратегијата на развој на односите во оваа сфера.

Република Бугарија инсистира на принципот на еднонационалност на начин кој не само ги ограничува можностите за гарантирање правата на малцинствата, но и често служи како основа за негирање на нивното постоење. На малцинствата се гледа како на потенцијална закана и често барањето или промовирањето на основни нивни права се толкува како сепаратизам. Конкретно во случајот со Македонците официјална државна политика од 1963 г. е дека македонска нација, етнос, јазик, култура и малцинство не постојат, дека тие се бугарски и секое застапување на спротивна позиција се третира како антибугарско и антидржавно, закана за

[25]ECRI Report on Bulgaria (fourth monitoring cycle), Adopted on 20 June 2008, Published on 24 February 2009, & 95, 96, FCNM/II (2012)001 Second opinion of the advisory committee on the framework convention for the protection of national minorities on bulgaria (adopted on 18 march 2010) & 34 – 43.

[26]Отказите за регистрация на македонски организации бяха обект на обсъждането в Комитета на министрите, който на 2-4 декември 2014 г. прие засилено наблюдение върху България по този въпрос, Decision cases No. 5, 4 december 2014.

единството на нацијата, територијалната целовитост и националната безбедност.

На таков начин можеме да направиме извод, за *отсуство во Бугарија на внатрешнодржавни гаранции за правата на национална самоидентификација на граѓаните од македонската националност. Меѓународно-правните механизми на заштита исто така не можеме да ги признаеме за ефективни.*

Под надворешен притисок Р Бугарија создаде неколку институции кои би требало да помогнат за заштитата на малцинствата: Националниот совет за соработка по етничките и интеграционите прашања, Комисијата против дискриминацијата, а овде може да се додаде и институцијата омбудсман. Меѓутоа ниту една од овие институции не функционира кога е во прашање македонското малцинство, а истите се крајно неефективни и при заштитата правата на останатите групи и граѓани. Никоја од нив досега се нема самосезирано за бројните проблеми со кои се соочуваат припадниците на македонското малцинство, ниту пак ги одбележуваат овие проблеми во своите извештаи, а ниту имаат препорачано мерки за надминување на проблемите. Напротив тие досега ги имаат игнорирано или дале негативен одговор во сите случаи во кои Македонци или македонски организации се обратиле кон нив. Без јасни полномоштва и доволен буџет овие институции повеќе личат на Потемкини села наменети да ги задоволат критериумите за членство во ЕУ, отколку да претставуваат реални инструменти за разрешување на проблеми.[27] Од своја страна меѓународните механизми за заштита правата на човекот се покажуваат генерално неефективни во тоа да ја натераат Р Бугарија дури да ги спроведе серијата пресуди против неа во ЕСПЧ, а во корист на различни македонски организации. Судскиот систем е потцртано дискриминаторски спроти Македонците во Бугарија. Освен одбивањето да се регистрираат македонски партии и организации (14 одбивања во последните 10 години), тоа се демонстрира и во одбивањето на

[27]Во Националниот совет кој би требало да извршува одредена координација меѓу малцинствата и владата, има само еден член, кој е припадник на малцинство. Советот не организира ниту постојан дијалог, а ниту создава и спроведува некаква целосна програма и политика спрема малцинствата. Работата е насочена по одредени проекти повеќето од кои се поврзани со европското финансираните и највеќе од областа на интегрирање на Ромите. Не наоѓаме припадник на македонското малцинство или организација во било кој состав и во било која иницијатива на овој совет.

судовите да ги заштитат Македонците од говор на омраза.[28] Меѓународните системи за заштита правата на малцинствата пројавуваат многу слаб интерес кон овие проблеми раководени од максимата – „нема конфликт – нема проблем", што ги става Македонците во Бугарија во дилемата – да тргнат по патот на насилството и тероризмот или да исчезнат.

Во овој правец се развива политика на игнорирање на препораките на меѓународните организации за признавање на македонското малцинство и запирање на дискриминацијата против него, а исто игнорирање на серии одлуки на Европскиот суд по правата на човекот (ЕСПЧ) против Бугарија во врска с нарушување правата на Македонците на формирање организации и одржување на собранија (чл. 11 и 13 на Европската Конвенција). За последните 15 години Комитетот на министрите при Советот на Европа во Стразбур дозволил да бидат прогласени осум такви одлуки за исполнето од страна на Р Бугарија. Наспроти тоа ниту една македонска организација (вклучувајќи и тие во чија корист биле „исполнетите" решенија на ЕСПЧ) не добила регистрација, што јасно го демонстрира несовршенството на меѓународните механизми за заштита правата на човекот, како и на самиот ЕСПЧ.[29]

Репресиите се пројавуваат и во негирањето на правото на самоопределување, пред се, правото на секој човек на национална самоидентификација. Најраспространетиот аргумент за непризнавање на тоа право на човекот се јавува отсуството на јасна и општоприфатена меѓународна дефиниција на поимот „национално малцинство".[30] Отсуството

[28]На пример во 2004 г. 200 Македонци поднесуваат жалба против новинарот Васил Григоров, кој јазвно изјавил дека сите луѓе со македонска самосвест се коренито неписмени и мародери, но судот одбива да го гледа делото затоа што подносителите на жалбата не се спомнати по име во навредата. Кога во 2005 и 2006 г. клубот на ОМО „Илинден"-ПИРИН во Гоце Делчев е на два пати нападнат, опљачкан и покриен со фашистички крстови полицијата одбива да води истрага затоа што штетата е под 100 евра. Примерите всушност се извонредно многу.

[29]Види подетално.: Стојков С. Македонското малцинство во Бугарија и немоќта на меѓународниот правозаштитен систем, во Человек в глобальном мире: материалы Международной научной конференции/ под ред. Н.В.Бутусовой, Й.Ананиева. Воронеж: Издательский дом ВГУ, 2015. 51 - 52.

[30]Стойков С. Фикцијата на објективните критериуми против правото на самоопределување: примерот на македонското малцинство во Бугарија, во Општествените промени во глобалниот свет: зборник на трудови, Втора меѓународна научна конференција. Штип, 2015. с. 662-665.

на општоприфатена дефиниција за национално малцинство во меѓународните документи де факто има дадено можност на бугарската држава самостојно да решава, кој и што се јавува национално малцинство, и, како последица од тоа да одбива претставниците на било која националност во реализацијата на нивните права на самоопределување, на национална самоидентификација.

## ЗАКЛУЧОК

За создавање на дејствувачки систем за гарантирање на правата на македонското малцинство во Бугарија е неопходно на прво место да се измени државната идеологија во областа на националните односи, официјално да се признае погрешноста на такви идеологизми како негирање на постоењето на Македонците како нација и негирањето на македонскиот јазик, а исто така напуштањето на разбирањето на вештачката еднонационалност, како етничка категорија и како задолжителен услов за обезбедување на државното единство и националната безбедност на Бугарија.

Бугарската државна национална политика треба да го измени кардинално својот правец – од вештачка, насилна асимилација на Македонците и други малцински групи, кон развивањето на нивната култура, јазик, реализација на сите системи на уставните права и слободи.

Како први чекори во овој правец можат да бидат понудени следните:

1. Поимот „малцинство“ треба да влезе во Уставот на Бугарија, во него јасно да се посочи постоењето на малцинства и задолжението на државата кон почитувањето правата на истите.
2. Да се изјаснат поими како *национално единство* и *еднонационалност* за да не можат истите да се искористуваат за негирање и дискриминација на малцинствата.
3. Поради полувековното негирање на Македонците е неопходно да се започне широка програма за запирање на негирањето и официјално признавање на малцинството. Спомнувањето на поимот македонско малцинство во Уставот, или во официјална декларација на парламентот би биле правилни чекори во тој правец.[31]

[31]Македонското малцинство е негирано официјално и документарно од бугарскиот парламент со специјална декларација од 6 март 1990 г., со одлука на Уставниот суд од 28 февруари 2000 г., и со изјави на владини низа високи претставници. Види Работническо дело, бр. 2, 3 јануари 1990 г., и бр 66, 07.03. 1990 г., 1,